**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Одлуката на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 88063/1 од 09.03.2011 година), Собранието на Друштвото на својата годишна седница одржана на ден 14.04.2011 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука
## за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година според Меѓународните стандарди за финансиско известување

### Член 1

Собранието на Друштвото ги усвојува ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година според Меѓународните стандарди за финансиско известување , кои се дадени во прилог како составен дел на оваа одлука.

### Член 2

Се задолжува Областа за Даноци и корпоративни финансии да ги достави ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година според Меѓународните стандарди за финансиско известување до надлежните државни институции, а во согласност со законските прописи.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**